# **<u>Извештај за годишната ревизија за 2023</u>**

Ревизорски услуги
Обезбедени за УСЈЕ од страна на функцијата Внатрешна ревизија, ризик и усогласеност при Групацијата Титан

| | |
|---|---|
| Извештајот го подготвил: | Димитрис Валсамопулос<br>Менаџер на Внатрешна ревизија, Југоисточна Европа и Турција<br>Внатрешна ревизија, ризик и усогласеност при Групацијата ТИТАН |
| Датум на издавање: | 20.12.2023 |

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОДИШНАТА РЕВИЗИЈА НА УСЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

## A. Вовед

Независната функција на Внатрешната ревизија (ВР) на Групацијата ТИТАН ги обезбеди услугите за внатрешна ревизија за *УСЈЕ*. Согласно актуелната организациска поставеност на Групацијата ТИТАН, Директорот на Внатрешната ревизија, ризик и усогласеност на Групацијата поднесува извештаи до Одборот за ревизија и ризик при Групацијата ТИТАН, како и административно до Генералниот директор на Групацијата ТИТАН.

Во однос на деловната единица *УСЈЕ*, главната цел на Внатрешната ревизија при Групацијата ТИТАН е да му достави на Одборот на директори на *УСЈЕ,* како и на Одборот за ревизија и ризик при Групацијата ТИТАН независно и објективно мислење во однос на внатрешните контроли, управувањето со ризици и системите за корпоративно управување преку проценка на нивната ефективност во постигнувањето на деловните цели.

Покрај ова, Внатрешната ревизија нуди и советодавни услуги на барање на главниот извршен директор на *УСЈЕ* или на барање на регионалното раководство на ТИТАН.

## Б. Налози на Внатрешната ревизија за 2023

Во согласност со Годишниот план за внатрешна ревизија на Внатрешната ревизија при Групацијата ТИТАН, во 2023 година се изведе еден (1) последователен ревизорски налог во *УСЈЕ* од страна на Одделението за внатрешна ревизија на Југоисточна Европа и Турција. Ова се однесува на процесите поврзани со Исплатни листи – Човечки ресурси (ЧР).

**<u>SEET 23-06 Последователна ревизија на Исплатни листи – Човечки ресурски (Последователен извештај SEET 22/06)</u>**

Во текот на септември 2023, Одделението за внатрешна ревизија на Југоисточна Европа и Турција спроведе последователна ревизија на Исплатни листи-ЧР, која ревизија беше изведена во текот на јуни-јули 2023 во Цементарница УСЈЕ АД. Во ревизорскиот извештај за 2022, внатрешното контролно опкружување на функцијата беше оценето како „задоволително“.

Целта на ревизијата беше да се провери дали договорените поправни дејствија од претходната реавизија се имплементирани и дали придонесуваат за зајакнување на контролите и подобрување на ефикасноста.

Нашето мислење е дека Системот за внатрешни контроли на функцијата Исплатни листи-ЧР е подобрен, земајќи ги предвид дејствијата на раководството во однос на прашањата идентификувани за време на првичната ревизија и претпоставувајќи дека останатите контроли продолжуваат да работат согласно планираната замисла. Договорените поправни дејствија се однесуваат на следење на прекувременото работење, а спроведени се и низа различни подобрувања.

Главниот проблем идентификуван за време на првичната ревизија се однесува на следење на прекувременото работење. Во оваа насока, ДЕ внимателно го следи прекувременото работење и спроведува план за зголемување на бројката на достапни вработени лица за да се покрие прекувременото работење. Ова конкретно се однесува и на Одделението за машинско одржување

каде во тек се иницијативи за споделување на знаење и обука кои се насочени кон дадени вработени.

## В. Општо мислење

Врз основа на гореспоменатиот налог за внатрешна ревизија спроведен во текот на 2023 година, дојдовме до заклучок дека Системот за внатрешна контрола на функцијата Исплатни листи - ЧР кој подлежеше на ревизија/разгледување е добро изведен со цел соодветно да се управуваат главните ризици и да се постигне усогласеност со законската регулатива и внатрешната рамка кои се во сила.